ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Правилник за барањата за компетентност на телата за оцена на сообразноста

***Regulation on the requirements for the competence of the conformity assessment bodies***

**Акт: Р 04**

Врз основа на член 14, став 1, алинеа 1 од Законот за акредитација ("Сл. Весник на Република Македонија", бр. 120/09) и член 13 став 2 од Статутот на Институтот за акредитација на Република Македонија, Советот на Институтот за акредитација на Република Македонија на седницата одржана на 11.06.2010 година донесе:

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА БАРАЊАТА ЗА КОМПЕТЕНТНОСТ НА ТЕЛАТА ЗА ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТА

## 1.Општа одредба

### Член 1

Со овој Правилник се дефинираат стандардите, упатствата и други документи во кои се поставени барањата за компетентност, кои треба да ги исполнат телата за оцена на сообразноста, како услов за добивање и одржување на добиената акредитација од Институтот за акредитација на Република Македонија (во натамошниот текст: ИАРМ)) за областите за кои ИАРМ спроведува процедура за акредитација, односно има развиена шема за акредитација.

## 2.Општи барања за компетентност

2.1 Лаборатории за калибрација

### Член 2

Стандард МКС EN ISO/IEC 17025*) - општи барања за компетентност на лаборатории за тестирање и лаборатории за калибрација.

2.2 Лаборатории за тестирање

### Член 3

Стандард МКС EN ISO/IEC 17025*) - општи барања за компетентност на лаборатории за тестирање и лаборатории за калибрација.

Стандард МКС EN ISO/IEC 15189*) - општи барања за компетентност на медицинските лаборатории

2.3 Сертификациски тела за сертифицирање на производи

### Член 4

Стандард МКС EN 45011*) - општи критериуми за сертификациски тела кои работат на сертифицирање на производи или ISO/IEC Упатство 65*) – општи барања за сертификациските тела кои работат на сертфицирање на производи (двата документа се идентични).

---

*) Последна верзија на документот

2.4 Сертификациски тела за сертифицирање на системи

**Член 5**

Стандард МКС EN ISO/IEC 17021*) - Оцена на сообразност - барања за телата кои изведуваат аудит и сертификација на системи за управување.

2.5 Сертификациски тела за сертифицирање на лица

**Член 6**

Стандард МКС EN ISO/IEC ISO 17024*) - општи критериуми за сертификациски тела кои вршат сертификација на лица.

2.6 Инспекциски тела

**Член 7**

Стандард МКС EN ISO/IEC 17020*) - општи критериуми за работа на различни типови на тела кои изведуваат инспекција .

**3. Дополнителни барања за компетентност**

**Член 8**

Дополнителните барања за компетентност на телата за оцена на сообразност се дефинирани во документите кои ги издава ИАРМ, EA (European co-operation for Accreditation), ILAC ( International Laboratory Accreditation Cooperation) и IAF (International Accreditation Forum). Документите се достапни на интернет страницата на ИАРМ (www.iarm.gov.mk) и интернет страниците на EA, ILAC и IAF (www.european-accreditation.org, www.ilac.org и www.iaf.nu)

**4. Проширување на опсегот на акредитациони активности**

**Член 9**

На барање на заинтересираните страни и/или државните органи ИАРМ ќе развива шеми за акредитација во нови области врз основа на сопствена анализа и проценка за расположивите финансиски, кадровски и други потенцијали на ИАРМ.

**5. Завршни одредби**

**Член 10**

Со влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за општи барања за компетентност на телата за оцена на сообразноста донесен на 31 октомври 2008 година.

*) Последна верзија на документот

## Член 11

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Датум: 19.07.2010 година

Претседател на Советот,

проф. д-р Миколај Кузиновски